**МАКЕДОНСКА**
**КОШАРКАРСКА**
**ФЕДЕРАЦИЈА**

**www.basketball.org.mk**

# КУП

## НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

***ЗА ПРЕОДЕН ПЕХАР НА МКФ - МАЖИ***

***ЗА ПРЕОДЕН ПЕХАР НА МКФ - ЖЕНИ***

**Натпреварувачка сезона 2016/2017**
**Скопје, Декември 2016 година**

# МАКЕДОНСКА
# КОШАРКАРСКА ФЕДЕРАЦИЈА

**Адреса:**

**Ул. “Македонија” 11 А**
**Поштенски Фах 318**
**1000 Скопје**

**Телефон/телефакс: 02 / 24- 64-988, МКФ**
**Телефон-телефакс: 02 / 24-54-320, Здружение - сениори**
**Телефон-телефакс: 02 / 24-64-990, Здружение - млади**

**Генерален секретар на МКФ:**
**Моника Гаврилоска**

**Директор на репрезентации:**

**Технички секретар на МКФ:**
**Соња Спасовска**
**Кристина Поповска**

**Комесар за натпреварување на МКФ:**
**Владо Цветковски**

**Технички секретар за сениорски натпреварувања на МКФ:**
**Горан Трпушевски**

**Комесар за натпреварување во млади категории на МКФ:**
**Владо Цветковски**

**www.basketball.org.mk**

## 1. Општи одредби

1.1. Натпреварите за КУП на Република Македонија се играат согласно службените кошаркарски правила на ФИБА, Правилникот за натпреварување на МКФ и Пропозициите за натпреварување на МКФ.

1.2. Екипата домаќин која нема сала што ги задоволува условите и техничката опременост согласно Пропозициите за натпреварување, ќе мора да обезбеди таква сала каде ќе биде организатор - домаќин на натпреварот.

1.3. Екипа која ќе откаже да се вклучи во КУП натпреварувањето пред неговиот почеток ќе биде казнета со парична казна, коефициент 100.

1.4. Екипа која ќе се откаже од учество во купот во текот на самото натпреварување, ќе биде казнета со парична казна коефициент 100 и со одземање на шест (6) бода од бодовното салдо стекнато во тековната натпреварувачка сезона во лигата во која таа екипа се натпреварува.

1.5. Паровите во преднатпреварите се утврдуваат врз основа на пласман на екипите **според пласманот од тековниот дел на првенството во натпреварувачка сезона**.

Бројот на екипите-паровите што ќе учествуваат во преднатпреварите се утврдува од Комесарот за натпреварување на МКФ, така што по најкус пат да се дојде до потребниот број на екипи за финалниот турнир.

## 2. Финансиски одредби

2.1. Екипата организатор на натпреварот ги прифаќа трошоците за одигрување на натпреварот, како и патните трошоци и надоместоците за вршење на должност на службените лица кој е различен и зависи од степенот на разигрувањето во Куп-натпреварите.

2.2. Патните трошоци и надоместокот за вршење на должноста службени лица на натпреварот ги исплатува организаторот еден (1) час пред почеток на натпреварот.

2.3. Надоместоците за вршење на должност на службените лица и патни трошоци во Куп-натпреварувањето изнесуваат:

| | Категорија: | Мажи | | Жени | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Службено лице: | судија | делегат | судија | делегат |
| 1. | 1 / 16 - 1 / 8 финале | 2.000,00 | 2.000,00 | 1.000,00 | 1.000,00 |
| 2. | 1 / 4 финале | 4.000,00 | 4.000,00 | 1.000,00 | 1.000,00 |
| 3. | 1 / 2 и Финале | 5.000,00 | 5.000,00 | 2.000,00 | 2.000,00 |
| 4. | Патни трошоци | 15,00 ден/км со сопствено возило. | | | |

## 3. КУП НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА - МАЖИ

### 3.1. Екипи учеснички

Право на учество во разигрувањето за Куп на Република Македонија за мажи, имаат екипи од Втора лига мажи кои се пријавиле во пропишан рок.

Екипите од Прва лига мажи задолжително учествуваат во Куп натпреварувањето.

Зависно од бројот на пријавени екипи, се игра преднатпреварување во кое по најкус пат треба да се дојде до осум (8) екипи за финалниот турнир.

Натпреварувачките парови за преднатпреварувањето се одредуваат по систем за плеј-оф натпревари, а за финалниот турнир на КУП натпреварувањето се одредуваат според пласманот на екипите во тековниот дел на првенството.

### 3.2. Финален турнир

3.2.1. Победникот од преднатпреварите се пласира за 1/4 Финале на Финалниот турнир.

3.2.2. Паровите за четврт-финалните натпревари се одредуваат според пласман.

3.2.3. Местото на одигрување на финалниот турнир и останатите услови кои се однесуваат на финалниот турнир се утврдуваат со одлука на Управниот одбор на МКФ или по пат на конкурс.

3.2.4. Четирите четврт-финални натпревари се играат на ден 17.02.2017 (Петок).

3.2.5. Двата полу-финални натпревари се играат на 18.02.2017 (Сабота).

3.2.6. Финалниот натпревар се игра на ден 19.02.2017 (Недела).

Скопје, Декември 2016 година

***Комесар за натпреварување на МКФ,***
***Владо Цветковски***

## 4. КУП НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА - ЖЕНИ ЗА ПРЕОДЕН ПЕХАР НА МКФ

### 4.1. Екипи учеснички

Во разигрувањето за Куп на Република Македонија за жени имаат право на учество сите екипи вклучени во системот на тпреварување на МКФ во сениорските конкуренции.

Екипите од Прва лига жени задолжително учествуваат во натпреварите за Куп на Република Македонија.

Првопласираните четири (4) екипи од тековниот дел на првенството се пласираат за Финален турнир.

### 4.2. Финален турнир

4.2.2. Паровите за полу-финалните натпревари се одредуваат според пласманот од тековниот дел на првенството.

4.2.3. Местото на одигрување на финалниот турнир и останатите услови кои се однесуваат на финалниот турнир се утврдуваат со одлука на Управниот одбор на МКФ или по пат на конкурс.

4.2.4. Двата полуфинални натпревари се играат на ден 18.02.2017 (Сабота) .

4.2.5. Финалниот натпревар се игра на ден 19.02.2017 (Недела).

Скопје, Декември 2016 година

***Комесар за натпреварување на МКФ,***
***Владо Цветковски***

## 5. ПЛАСМАН ОД ТЕКОВНИОТ ДЕЛ НА ПРВЕНСТВО СЕЗОНА 2016/2017 НА ЕКИПИТЕ УЧЕСНИЧКИ ВО КУП НАТПРЕВАРУВАЊЕ

### 5.1. КУП НА РМ – МАЖИ,

**Пласман на екипите / Прва лига мажи / сезона 2016/2017: после одиграни 07 кола**

01. РАБОТНИЧКИ
02. ФЕНИ ИНДУСТРИ
05. КУМАНОВО 2009
06. КОЖУВ
07. АВ ОХРИД
08. СТРУМИЦА
09. ПЕЛИСТЕР
10. ВАРДАР

3/4.МЗТ СКОПЈЕ АЕРОДРОМ директно
3/4.КАРПОШ СОКОЛИ 2000 директно

**ПРИЈАВЕНИ ЕКИПИ ОД ВТОРА ЛИГА МАЖИ:**

11. ГОСТИВАР 2015

### 5.2. КУП НА РМ - ЖЕНИ, ЗА ПРЕОДЕН ПЕХАР НА МКФ

**Пласман на екипите / Прва лига жени / сезона 2016/2017: после одиграни 07 кола**

1.ЖКК БАДЕЛ 1862
2.ЖКК ВАРДАР
3.Трето пласирана екипа
4.Четвртопласирана екипа

Скопје, Декември 2016 година

*Комесар за натпреварување на МКФ,*
*Владо Цветковски*

**1. ПРЕДНАТПРЕВАРИ КУП НА РМ - МАЖИ**

Според пласманот по одиграни 7 кола во регуларниот дел од првенството и кош-количникот во меѓусебните дуели редоследот е следен:

1.КК Струмица
2.ККПелистер
3.КК Вардар
4.КК Гостивар 2015 (како екипа која е пријавена од Втора лига мажи)

Во преднатпреварите на КУП на РМ-мажи **,** согласно пласманот и кош-количникот во меѓусебните дуели од лига-натпреварувањето по одигрување на 7 кола од тековната натпреварувачка сезона 2016/2017 година и пријавените екипи од Втора лига мажи, ќе се играат следните натпревари.

**Напомена: Послабо пласираната екипа е домаќин на натпреварите.**

**11.01.2017 (Среда):**

ГОСТИВАР 2015 - СТРУМИЦА (парА)
ВАРДАР - ПЕЛИСТЕР (пар Б)

**14.01.2017 (Сабота):**

ПОБЕДНИК (пар А) - ПОБЕДНИК (пар Б)

Победникот од оваа серија натпревари ќе биде осмата екипа заедно со седумте директно пласирани екипи кои ке учествуваат на Финалниот турнир на КУП на РМ-мажи.

**ФИНАЛЕН РЕДОСЛЕД НА ЕКИПИТЕ СПОРЕД ПЛАСМАН ПО ОДИГРУВАЊЕ НА 7 (СЕДМО) КОЛО ОД РЕГУЛАРНИОТ ДЕЛ НА ПРВЕНСТВОТО**

1. КК Работнички
2. КК Фени Индустри
3/4. КК МЗТ Скопје Аеродром
3/4. КК Карпош Соколи 2000

Натпреварувачките броеви (3 и 4) за екипите на КК МЗТ Скопје А. и КК Карпош Соколи 2000 ке бидат одредени по пат на жребка.

Со жребка ке се одредат натпреварувачките броеви (од 5 до 8) на екипите подолу кои се подредени според моменталниот пласман по одигрување на 7 (седмото) коло во регуларниот дел на првенството.

КК Куманово 2009
КК Кожув
КК АВ Охрид
Победник (пар А - пар Б)

Се игра по систем 1-8 А; 2-7 Б; 3-6 Ц; 4-5 Д; кога ке се извлечат редните броеви на екипите од втората група.

Во полуфиналето играат побениците од паровите:
А-Д
Б-Ц

Финалниот турнир на КУП на РМ-мажи што ќе се одржи на 17/19.02.2017 година, според усвоениот календар.

Скопје, Декември 2016 година — ***Комесар за натпреварување на МКФ,***

*Владо Цветковски*

**2. НАТПРЕВАРИ ЗА КУП НА РМ - ЖЕНИ**

Во натпреварите на КУП на РМ-жени **за преоден пехар на МКФ,** согласно пласманот од натпреварувањето натпреварувачка сезона 2016/2017 година, ќе се одржат следните натпревари:

**Полуфинале 18.02.2017 (Сабота):**

1.БАДЕЛ 1862 - ЧЕТВРТО ПЛАСИРАНА ЕКИПА
2.ВАРДАР - ТРЕТОПЛАСИРАНА ЕКИПА

**Финале 19.02.2017 (Недела):**

3.ПОБЕДНИК 1 - ПОБЕДНИК 2

Финалните натпревари за КУП на РМ-жени што ќе се одржат на 18/19.02.2017 година .

Скопје, Декември 2016 година

*Комесар за натпреварување на МКФ,*
*Владо Цветковски*

**МАКЕДОНСКА КОШАРКАРСКА ФЕДЕРАЦИЈА**

**Ул. Македонија - 11 А**
**Поштенски фах: 318 Тел./факс: (02) 24-64-988 - (02) 24-54-320**